РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" во Скопје
ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА
Бр 09-577
30.09. 2021 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 03. 263/6
28. 09. 2021 год.-viti
Скопје - Shkup

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 165 став (2) и член 227 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 18 седница одржана на 19.05.2021година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за акредитација на студиската програма „Менаџмент на природни ресурси и заштита на животна средина во земјоделството", трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) на Факултет за земјоделски науки и храна при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје**

1. Се акредитира студиската програма „Менаџмент на природни ресурси и заштита на животна средина во земјоделството",", трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) на Факултет за земјоделски науки и храна при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2021/2022 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Доктор на земјоделски науки - Менаџмент на природни ресурси и заштита на животна средина во земјоделството /во меѓународен промет академски назив: Doctor of Agricultural Sciences - Management of natural resources and environment in agriculture.

4. Научно подрачје: Земјоделски науки и ветерина (Биотехнички науки) (401)
Научно поле: Наука за земјиштето и хидрологија
Научна област: Педологија (40100), Земјоделско инженерство (40102), Плодност на земјиштето и фертилизација (40105), Физика на земјиштето (40106), Хемија на земјиштето (40107), Биологија на земјиштето (40108), Минералогија на земјиштето; Мелиорација на земјиштето (40109), Друго (40110), (Наводнување, Екологија, Фертиригација и друго) и друго.

5. Акредитирани ментори за докторски студии на студиската програма се:
проф.д-р Вјекослав Танасковиќ, проф. д-р Марина Стојанова, проф. д-р Марија Вукелиќ Шутоски, проф. д-р Татјана Миткова, проф. д-р Ордан Чукалиев, проф. д-р Олга Најденовска, проф. д-р Миле Маркоски.

6. Менторот на докторски студии од точка 1 на ова решение може истовремено да биде ментор на најмногу три докторанти кои кај него ќе се обучуваат за научна работа и за изработка на докторски труд.

7. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

По предходно донесената одлука бр. 02 - 433/7 од 25.03.2021 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Менаџмент на природни ресурси и заштита на животна средина во земјоделството", трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) на Факултет за земјоделски науки и храна при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање бр.08 - 268/1 од 29.03.2021 година за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, на 15-та седницата одржана на 07.04.2020 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08 - 268/3 од 03.06.2021 година, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 18-та седница одржана на 19.05.2021година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател
на Одборот за акредитација на високото образование

Академик Владо Камбовски